РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

ПРИМЕНО:	28.04.2026		
Орг.Единица Njësia Org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlerë
08	3007/1	0	

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медијација, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Љупчо Пренџов

Бојан Стојаноски

Александар Велјановски

Душко Иванов

ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за медијација,
по скратена постапка

Скопје, април 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за медијација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21) се уредуваат условите и постапката за вршење на медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите во кои страните можат слободно да располагаат со своите барања. Во досегашната примена на Законот се појавија одредени недоречености на законските одредби кои доведоа до отежнато функционирање на системот на медијација.

Пред сè, утврдена е органичена функционалност на Комората на медијатори, поради тоа што не е одржано Изборно собрание по истекот на мандатите на нејзините органи во 2024 година, во законски предвидениот рок. Постојната законска одредба не предвидува решение за надминување на ваквата состојба, што резултира со неможност за редовно функционирање на Комората.

Дополнително, во делот на полагање на испитот за медијатор, постојното законско решение кое се однесува на спроведување на испитот за медијатор е практично неспроведливо бидејќи уредува дека вториот дел од испитот се состои од симулација на индивидуален случај за спроведување на постапка на медијација и прашања што треба лицето да ги одговори на основа на анализа на случајот, а за спроведување на вториот дел од испитот треба да се ангажираат четири лиценцирани медијатори како учесници – симулатори на спротивставени страни, но за истите во Законот не е уредено кој ќе ги ангажира тие медијатори, ниту е предвиден надоместок за нивното ангажирање, што доведува до неможност за спроведување на испитот.

Исто така, се јави потребата од допрецизирање на одредбите кои се однесуваат на мандатот на членовите на Националниот совет за медијација, престанокот на мандатот и разрешувањето на членовите на Советот.

Освен тоа, поради формирање на Националниот совет за медијација по истек на законскиот рок за негово формирање, одреден број на медијатори беа оневозможени да го остварат своето право за замена на временските лиценци со лиценци на неопределено време во законски предвидениот рок, што доведе до нееднаква положба помеѓу медијаторите. Националниот совет за медијација, кој се формира по истек на рокот за поднесување на барањата за замена, ги замени лиценците само на оние медијатори кои поднеле барања до Министерството за правда до јуни 2022 година, со што на оние медијатори кои поднеле барања после рокот уреден со член 68 од Законот за медијација, Националниот совет не изврши замена на лиценците на определено со лиценци на неопределено време.

Од наведените причини, се јави потреба од изменување и дополнување на Законот за медијација (*).

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Законот чие изменување и дополнување се предлага се заснова врз исти начела врз кои е заснован Законот за медијација (*).

Воедно, предложените измени и дополнувања се од национален карактер, при што не се интервенира во одредбите од Законот за медијација (*) со кои е извршено усогласување со европското законодавство.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон не предизвикува финансиски последици врз Републичкиот Буџет и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Предлогот на Закон не е потребно обезбедување на финансиски средства.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно со членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, од причина што не се работи за обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на Закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Член 1

Во Законот за медијација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/21), во член 46 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Доколку Изборното собрание не биде закажано во рокот уреден со ставот (3) на овој член, Изборното собрание се закажува и по истекот на рокот од ставот (3) на овој член, по барање на најмалку една третина од членовите на Комората со важечка лиценца за медијатор.“

Ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10) и (11) стануваат ставови (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12).

Член 2

Во член 51 ставот (2) се менува и гласи:

„Советот издава лиценца на лице кое ќе достави доказ за положен испит за медијатор издаден од Министерството за правда и кое поднело барање за издавање на лиценца.“

Член 3

Во член 55 во ставот (3) зборот „симулација“ се заменува со зборот „студија“.

Ставот (9) се брише.

Член 4

Насловот на член 65 и членот 65 се менува и гласи:

„Мандат на членовите на Советот, престанок на мандатот и разрешување на членовите на Советот

Член 65

(1) Членовите на Советот се именуваат за време од четири години, со право на уште еден последователен избор.

(2) Мандатот на член на Советот престанува:

- во случај на смрт,

- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци или ако му е изречена забрана за вршење на професија, должност или дејност, со правосилноста на пресудата и

- по лично барање.

(3) Член на Советот се разрешува:

- во случај на отсуство на две последователни седници на Советот без најава и образложение или на кои било пет седници за кои бил навремено и уредно известен,

- ако настапи случај на неспојливост со функцијата член на Советот согласно со закон,

- ако со правосилна судска одлука му биде одземена или ограничена деловната способност и

- доколку врши медијаторски работи.

(4) Решението за престанок на мандатот од ставот (2) на овој член или за разрешување од ставот (3) на овој член, го донесува Владата на Република Северна Македонија.“

Член 5

(1) Лицата кои до денот на влегувањето во сила на Законот за медијација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/21) се стекнале со лиценца за извршување на медијаторски работи согласно со одредбите од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), а не поднеле барање за замена на временски ограничените лиценци со лиценци на неопределено време во рокот утврден во член 68 од Законот, имаат право во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон да поднесат барање до Советот за замена на лиценците.

(2) При поднесување на барањето од ставот (1) на овој член, лицата се должни да приложат само копија од претходно издадената лиценца, без повторно доставување доказ за положен испит за медијатор.

(3) Право да поднесат барање од ставот (1) на овој член имаат и медијаторите кои медијаторските работи ги имаат ставено во мирување поради вршење на друга неспојлива функција или дејност.

(4) Медијаторите кои не можат да ги извршуваат медијаторските работи поради вршење на неспојлива функција или дејност имаат право да продолжат со извршување на медијаторските работи по престанувањето на причината за неспојливост.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за медијација содржи шест члена.

Со членот 1 врши дополнување на член 46 од Законот за медијација со цел да се надмине постојната состојба на нефункционирање на Комората на медијатори, од причина што медијаторите не одржале Изборно собрание по престанок на мандатите на членовите на органите на Комората во 2024 година, во рокот уреден со закон. Со предложената одредба ќе се овозможи лиценцираните медијатори да извршат избор на членови на органите на Комората, а со тоа и функционална Комора.

Со членот 2 се врши допрецизирање на одредбата од член 51 став (2) од Законот за медијација.

Со членот 3 се врши изменување на член 55 од Законот за медијација од причина што постојното законско решение кое се однесува на спроведување на испитот за медијатор е практично неспроведливо бидејќи уредува дека вториот дел од испитот се состои од симулација на индивидуален случај за спроведување на постапка на медијација и прашања што треба лицето да ги одговори на основа на анализа на случајот, а за спроведување на вториот дел од испитот треба да се ангажираат четири лиценцирани медијатори како учесници – симулатори на спротивставени страни, но за истите не е уредено кој ќе ги ангажира тие медијатори, не е предвиден никаков надоместок за нивното ангажирање, со што испитот за медијатор не може да се спроведе.

Со членот 4 се предлага прецизирање на одредбата од член 65 од Законот за медијација која се однесува на мандатот на членовите на Советот, престанокот на мандатот и разрешувањето на членовите на Националниот совет за медијација.

Членот 5 се предлага од причина што постојниот член 68 од Законот за медијација создаде проблеми во неговата практична промена поради неговото различно толкување. Така според член 68 од Законот за медијација, лицата кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, се стекнале со лиценца за извршување на медијаторски работи, имаат право во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, да поднесат до Советот барање за замена на временски ограничените лиценци за работа, со лиценци на неопределено време. Меѓутоа, Советот беше формиран во септември 2022 година, односно по истек на рокот за негово формирање уреден со член 70 од Законот за медијација (според кој требаше да се формира до март 2022 година), поради што медијаторите кои требаше да ги заменат временските ограничени лиценци за работа, со лиценци на неопределено време, немаа до кого да ги поднесат барањата согласно Законот за медијација. Националниот совет

за медијација ги замени лиценците само на оние медијатори кои поднеле барања до Министерството за правда до јуни 2022 година, со што на оние медијатори кои поднеле барања после рокот уреден со член 68 од Законот за медијација, Националниот совет не изврши замена на лиценците на определено со лиценци на неопределено време.

Членот 6 е завршна одредба со која се уредува влегувањето во сила на Предлогот на Закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата предложени во Предлогот на Закон се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија ќе се овозможи повторно воспоставување на функционалноста на Комората на медијатори преку воведување механизам за свикување на Изборното собрание. Воедно, со измените во делот на полагањето на вториот дел од испитот за медијатор ќе се овозможи негова реална и практична примена, со што ќе се обезбеди континуитет во создавањето на нови медијатори и развој на професијата. Исто така, ќе се даде можност на лицата кои до денот на влегувањето во сила на Законот за медијација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/21) се стекнале со лиценца за извршување на медијаторски работи, а не поднеле барање за замена на временски ограничените лиценци со лиценци на неопределено време во рокот утврден во член 68 од Законот, поради неформирање на Националниот совет за медијација во рокот утврден во член 70 став (1) од Законот, да поднесат барање до Советот за замена на лиценците.

Во целина, предложените решенија ќе придонесат за поефикасен и пофункционален систем на медијација, што ќе има позитивно влијание врз алтернативното решавање на спорови и намалување на оптовареноста на судовите.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА, КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Собрание за избор на органите на Комората

Член 46

(1) Изборот на членови на органите на Комората се врши на Собрание за избор на органите на Комората (во натамошниот текст: Изборното собрание), од редот на членовите на Комората. На Изборното собрание е потребно присуство од најмалку половина од вкупниот број медијатори запишани во Именикот.

(2) На Изборното собрание прво се врши избор на членови во Надзорниот одбор, Управниот одбор, Етичкиот Совет, а на крај се врши изборот на претседател на Комората.

(3) Изборното собрание се закажува 60 дена пред истекот на мандатот на органите на Собранието.

(4) Кандидатите за членови на органите на Комората се должни во рок не пократок од седум дена, пред одржување на Изборното собрание да ја пријават својата кандидатура до Комисијата за верификација формирана во согласност со Статутот на Комората, која е должна да ги објави на веб-страницата на Комората.

(5) Секој кандидат за претседател на Комората е должен да поднесе програма за работа на Комората за времетраењето на мандатот и истата се објавува на веб-страницата на Комората, пред одржување на Изборното собрание.

(6) Членовите на органите на Комората се должни во рок од 15 дена по одржувањето на Изборното собрание да извршат примопредавање на функциите на новоизбраните членови на органите на Комората.

(7) Изборот на органите на Комората, медијаторите го вршат непосредно, по пат на тајно гласање.

(8) Изборот на органите на Комората, со исклучок на претседателот на Комората, се врши со обично мнозинство.

(9) За претседател на Комората е избран кандидатот што добил мнозинство гласови од присутните членови на Изборното собрание. Ако од кандидатите за претседател никој не го добил потребниот број гласови, се организира втор круг на гласање.

(10) Во вториот круг на гласање за избор на претседател влегуваат двајцата кандидати кои имаат најголем број на гласови.

(11) За избран претседател во вториот круг се смета кандидатот кој добил мнозинство од присутните членови на Изборното собрание. Доколку кандидатите имаат ист број на гласови претседателот на Комората ќе се избере по пат на ждрепка.

Услови за медијатор и вршење на медијаторски работи

Член 51

(1) Медијатор може да биде деловно способно физичко лице кое поседува лиценца за вршење на медијаторски работи (во натамошниот текст: лиценца за медијатор).

(2) Лиценца за медијатори издава Советот, на лице кое ќе достави уверение за положен испит за медијатор издадено од Министерството за правда и поднело барање за издавање на лиценца.

(3) Издадената лиценца за медијатор важи неопределено време.

(4) Медијаторот подлежи на евалуација на квалитетот на работењето и неговото постапување согласно со обврските и задолженијата предвидени со овој закон, од страна на Советот, најмалку еднаш годишно согласно со Правилник за методологија и начинот на вршење на мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите, кој го донесува Советот врз основа на претходно добиена согласност од Владата.

(5) Формата и содржината на лиценцата за медијатор ја пропишува Советот, врз основа на претходно добиена согласност од Владата.

(6) Издадената лиценца на медијаторот престанува да важи во следните случаи:

- со смрт на медијаторот,

- со одземање или ограничување на деловната способност на медијаторот,

- по барање на медијаторот,

- доколку медијаторот го изгуби државјанството на Република Северна Македонија,

- по спроведена постапка согласно со закон од надлежен орган и одлука која го прави недостоен за вршење на медијаторски работи и

- со одлука на суд.

(7) За вршење медијација во спорни односи од одредени области каде што со закон е предвиден задолжителен обид за медијација (медијатор во специфични области), можат да се утврдат дополнителни услови, кои покрај условите од ставот 2 на овој член, треба да ги исполнува лицето за полагање на испит за медијатор во дадената област, како и надзорот и контролата над нивното работење.

Испит за медијатор

Член 55

(1) Испитот за медијатор се состои од два дела и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење и

- втор дел (практичен дел – студии на случај) во кој се оценуваат личните особини и карактеристики и практичните вештини, способности и знаења за медијација.

(2) Првиот дел од испитот се полага усно со одговарање на определен број прашања според Програмата за полагање на испит за медијатори, која содржи прашања од областа на:

1) знаење за медијација (психо-социјални, етички, економски, правни и слично);

2) методи и техники во медијација;

3) вештини на медијаторот;

4) фази во постапка на медијација;

5) стилови и стратегии во постапка на медијација;

6) градење на добри односи;

7) мотивирање на учесниците за процесот на медијација;

8) комуникациски вештини во медијација;

9) регулирање на процесот на административно-техничките аспекти на постапката на медијацијата (организирање на постапката, пишување на писмена, акти, евиденција на постапките за медијација итн.);

10) разбирање за причина, содржина и видот на конфликтното прашање и слично.

(3) Вториот дел на испитот се состои од симулација на индивидуален случај за спроведување на постапка на медијација и прашања што треба лицето да ги одговори на основа на анализата на случајот.

(4) Испитот се полага еднаш во текот на годината според Програмата од ставот 2 на овој член во која се содржани градивото и прописите.

(5) Испитот го спроведува Комисија формирана од министерот, во состав од пет члена и нивни заменици, кои се истакнале во областа на медијацијата, имаат професионално искуство од најмалку десет години, а се од редот на академската заедница, судии или други професии како и од редот на лиценцирани медијатори на предлог на Комората водејќи сметка членовите да потекнуваат од различни професии.

(6) Министерот го назначува претседателот на Комисијата, како и секретар на Комисијата од редот на вработените во Министерството.

(7) Програмата за полагање на испитот за медијатори, во која се содржани градивото и прописите и начинот на организирањето и полагањето на испитот, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит, ги пропишува министерот.

(8) Членовите на Комисијата, нивните заменици и секретарот имаат право на соодветен надомест за својата работа за секоја спроведена испитна сесија, кој го утврдува министерот, во зависност од поединечното учество на секој од членовите, замениците и учесниците на организираните испитни сесии врз основа на записникот од одржаниот испит. На членот и заменик членот во Комисијата кој има живеалиште, односно престојувалиште надвор од подрачјето на градот Скопје, за присуство на испитот му се признаваат патни трошоци во висина на автобуски превоз.

(9) За потребите на вториот дел од испитот, односно за симулацијата на студии на случај се ангажираат четири лиценцирани медијатори (два члена во улога на страни учесници и два члена во улога на полномошници/трети лица) како учесници – симулатори на спротивставени страни.

Мандат на членовите на Советот

Член 65

(1) Членовите на Советот се именуваат за време од четири години, со право на уште еден последователен избор.

(2) Мандатот на член на Советот престанува пред истекот на времето за кое е именуван, во следниве случаи:

- во случај на смрт и

- по лично барање,

а се разрешува по предлог на Советот, од страна на Владата, во случај на отсуство на две последователни седници, без најава и образложение или на кои било пет седници за кои бил навремено и уредно известен или со одлука со која е констатирано постоење на судир на интереси или неспоивост на функции согласно со закон.